## Република Македонија
## Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-2-2013

## Р е з и м е


- Во К-2-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, **БДП** забележа реален раст од 3,9%, по растот од 2,9% во претходниот квартал, со што просечниот раст во првата половина од годината изнесува 3,4%;
- Според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени** во К-2-2013 е повисок за 4,7% во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 6,9% на годишна основа, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-2-2013 на 28,8%;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2013, мерена според индексот на трошоци на живот, забележа раст од 3,6% во однос на истиот квартал во 2012 година;
- Просечната **бруто плата** во К-2-2013 изнесува 31.001 денар и споредено со бруто платата во К-2-2012 е повисока за 1,8% на номинална основа, односно пониска за 1,8% на реална основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-2-2013 се повисоки за 2,9% споредено со истиот квартал од 2012 година, а вкупните **буџетски расходи** се пониски за 0,3%;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2013 се намали за 0,8% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-2-2013 бележи засилена стапка на раст од 1,9% на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во јуни 2013 година се намали за 2,6% во однос на март 2013 година, додека вкупниот промет остварен на берзата се зголеми за 34,3%;
- Во К-2-2013 е забележан **раст на извозот** од 1,0% и пад на **увозот** од 1,2% на годишно ниво, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа пад од 0,4%;

## 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Во К-2-2013 во однос на истиот квартал од 2012 година, БДП забележа реален раст од 3,9%, по растот од 2,9% во претходниот квартал, со што просечниот раст во првата половина од годината изнесува 3,4%.

Номиналниот раст на БДП во К-2-2013 изнесува 8,3% споредено со истиот квартал од претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 4,2%. Во првата половина од годината номиналниот годишен раст на БДП изнесува 5,9%, додека БДП дефлаторот изнесува 2,4%.

Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-2-2013 позитивен раст забележаа сите сектори освен секторот Хотели и ресторани. Најголем придонес во вкупниот економски раст има секторот Градежништво, каде е регистриран висок раст на активноста од 33,2%, кој се надоврзува на растот од 36,8% во претходниот квартал. Во секторот Сообраќај, складирање и врски е забележан раст од 7,5%, по растот од 2,5% во претходниот квартал. Индустријата, по излезот од негативната зона во К1 2013 година, во К2 забележа посилен раст кој изнесуваше 4,1%. Секторот Финансиски услуги продолжува со позитивните движења, и во К-2-2013 забележа раст од 1,7%. Внатрешната трговија забележа раст од 0,6%, а секторот Земјоделство раст од 0,4%. Стапката на раст во секторот Јавна управа изнесуваше 0,2%.



График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС

Растот на **индустриското производство**[1] во К-2-2013 од 1,1% се должи на остварените позитивни стапки кај: вадење руди на метал (21,9%), вадење други руди и камен (6,0%), производство на пијалаци (13,2%), производство на тутунски производи (0,5%), производство на текстил (102,1%), производство на облека (19,1%), производство на производи на гума (7,1%), производство на други неметални производи (0,1%), производство на машини и уреди (12,5%), производство на

1 Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

останата опрема за транспорт (34,1%), производство на мебел (11,0%), поправка и инсталирање машини и опрема (12,4%) и снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација (13,7%). Од аспект на структурата на индексот на индустриското производство, кај 56,78% од гранките е забележан раст.

Од друга страна, пад е остварен кај: вадење јаглен и лигнит (19,2%), производство на прехранбени производи (4,5%), производство на кожа (9,8%), преработка на дрво и производи од дрво (0,1%), производство на хартија (11,5%), печатење и продукција на снимени медиуми (33,2%), производството на кокс и рафинирани нафтени производи (97,6%), производство на хемикалии и хемиски производи (13,7%), производство на фармацевтски производи (5,1%), производство на метали (11,2%), производство на фабрикувани метални производи (48,0%), производство на електрична опрема (4,8%), производство на моторни возила, приколки и полуприколки (58,9%) и останата производствена индустрија (1,9%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-2-2013 растот е придвижен од бруто инвестициите и извозот. Бруто инвестициите забележаа раст од 7%, што соодветствува со високиот раст на градежништвото и растот на капиталните буџетски расходи. Подобрувањето на состојбите во економијата на ЕУ позитивно се одрази врз надворешната трговија на Македонија. Така, извозот на стоки и услуги забележа раст од 6,8%, додека увозот порасна за 2,3%, со што нето извозот има позитивен придонес кон вкупниот економски раст. Финалната потрошувачка во К-2-2013 забележа незначителен пад од 0,1%, што се должи, пред сѐ, на падот на јавната потрошувачка од 3,6%, додека личната потрошувачка забележа раст од 0,7%.

График 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




Во К-2-2013 продолжија позитивните движења на пазарот на работна сила. Според **Анкетата на работна сила**, бројот на вработени во К-2-2013 година е повисок за 4,7% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 6,9%. Бројот на активно население во К-2-2013 е повисок за 1,1% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-2-2013 да се намали на 28,8%, односно за 2,5 п.п. споредено со истиот квартал од претходната година, а во однос на претходниот квартал истата е пониска за 1,1 п.п.. Стапката на

вработеност во К-2-2013 изнесува 40,7% и во однос на истиот квартал претходната година е повисока за 1,8 п.п., додека во однос на претходниот квартал е повисока за 0,7 п.п. Активното население во К-2-2013 година претставува 57,1% од вкупното работоспособно население.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

Стапката на инфлација, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-2-2013 изнесува 3,6% во однос на истиот квартал од 2012 година, што претставува благ пораст споредено со стапката од 3,5% регистрирана во претходниот квартал. Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Облека и обувки од 7,1%, следен од растот во категоријата Исхрана од 5,4% кој оствари најзначаен придонес во растот на општото ценовно ниво. Растот на цените за исхрана во голема мера се должи на порастот на цените на свежиот зеленчук и месото. Цените во категориите Ресторани и хотели и Хигиена и здравје се зголемија за 4,1% и 4%, соодветно. Цените за Домување се зголемија за 3,5%, главно како резултат на повисоките цени за електрична енергија и расвета. Растот на цените во категоријата Тутун и пијалаци изнесува 2,5%, следен од растот на цените во категоријата Култура и разонода од 1,1%. Цените во категоријата Административни и финансиски услуги се зголемија за 0,8%.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




Цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги се намалија за 2,2%, како резултат на падот на цените на течните горива и масла и на сообраќајните и ПТТ услугите од 6,6% и 1,1%, соодветно.

Базичната инфлација (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во К-2-2013 изнесува 2,9%, што е пониско ниво за 0,4 п.п. споредено со базичната инфлација во претходниот квартал (3,3%).

Цените на мало во К-2-2013 забележаа забавен пораст од 1,4% споредено со истиот квартал од 2012 година. Највисок придонес во растот на цените на мало има категоријата Индустриски производи, каде е забележан раст на цените од 1,4%, придонесувајќи со 0,8 п.п. во вкупниот раст на цените на мало. Во рамките на оваа категорија, најзначаен придонес во растот е забележан кај индустриско

прехранбените производи кои остварија раст од 3,5%. Непрехранбените индустриски производи забележаа раст на цените од 0,4%. Малопродажната цена на пијалаците е зголемена за 1,1%, а на тутунот за 2,9%. Цените на мало во категоријата Земјоделски производи забележаа висок пораст од 10,9%.

График 2.2. Раст на продуктивноста на трудот;
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Просечната **нето плата** во К-2-2013 изнесува 21.126 денари и е повисока за 1,8% на номинална основа од нето платата во К-2-2012. На реална основа, нето платата забележа пад од 1,8%. Просечната **бруто плата** изнесува 31.001 денар и, исто како и нето платата, бележи пораст од 1,8% на номинална основа, односно пад од 1,8% на реална основа, споредено со бруто платата во К-2-2012.

Растот на економската активност во К-2-2013 беше проследен со повисок годишен раст на бројот на вработени, што резултираше со пад на **продуктивноста на трудот** од 0,8%, по падот од 1% во претходниот квартал. На Графикот 2.2 е прикажан годишниот раст на продуктивноста на трудот.

## 3. Фискален сектор

Во вториот квартал од 2013 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи во однос на истиот квартал од 2012 година, придружено со речиси идентични буџетски расходи, односно пониски само за 0,3%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-2-2013 да изнесува 2.370 милиони денари или 1,9% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 1.741 милиони денари, односно 1,4% од БДП што е намалување споредено со претходниот квартал).

Во вториот квартал од оваа година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа не беше загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

Вкупните буџетски приходи се повисоки за 2,9% споредено со истиот квартал од 2012 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи од 7,7% и на придонесите од 2,5%, додека неданочните остварија намалување. Притоа беше забележана повисока наплата кај данокот на додадена вредност, персоналниот данок и царините, а пониска наплата кај акцизите и данокот на добивка. Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 52,6% од вкупните даночни приходи, тие во К-2-2013 се повисоки за 15,6% споредено со истиот квартал од 2012 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа намалување на наплатата на ДДВ од увоз за незначителни 0,2%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа раст од 14,5%, согласно прометот во трговијата, а намалена е динамиката на поврат на ДДВ за 17,5%. Приходите од акцизи се пониски за 5,6% споредено со истиот квартал од 2012 година. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележано намалување од 5,0%, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на исплатени дивиденди и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица). Приходите од персоналниот данок на доход беа зголемени за 4,7% во споредба со вториот квартал од претходната година. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, остварија еднакво учество во БДП од 3,0%, додека индиректните даноци остварија учеството од 11,6% од БДП.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-2-2013;
Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 2,5%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за здравствено осигурување од 3,8%, додека кај придонесите за пензиско осигурување и кај придонесите за вработување од 2,1%. Неданочните приходи, кои претставуваа 1,8% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани на пониско ниво за 29,7% во однос на истиот период од 2012 година.

Капиталните приходи во К-2-2013 на годишна основа беа пониски за 8,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-2-2012, приходите по основ на донации се поголеми за 2,5 пати.

Во К-2-2013 вкупните **буџетски расходи** беа пониски за 0,3% споредено со истиот квартал од 2012 година. Тековните расходи, кои претставуваа 89,7% од вкупните расходи, беа помали за 1,1% на годишна основа. Капиталните расходи кои учествуваа со 10,3% во вкупните расходи, беа повисоки за 7,2% споредено со вториот квартал од 2012 година. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа зголемени за 10,8%, додека за расходите за плати и надоместоци беше забележано намалување од 1,0% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 63,1% во вкупните расходи, беа пониски за 3,2% на годишна основа (во претходниот квартал трансферите остварија зголемување од 19,2%). Учеството на категоријата „Други трансфери" во вкупните расходи изнесуваше 14,7% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт - блок и наменските дотации, како и други субвенции и трансфери). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 29,3% во вкупните расходи, беа извршени за 10,4% повеќе во однос на истиот квартал од 2012 година, односно за 3,1% повеќе споредено со К-1-2013 година. Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 12,1% на годишна основа, додека споредено со К-1-2013 истите се намалени за 22,8%. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 57,9% на годишна основа, а раст е забележан и на квартална основа. Каматите за странскиот долг се намалени за 22,9% на годишна основа, додека споредено со К-1-2013 тие се за речиси 2,5 пати намалени.

График 3.2. Долг на централната влада и неговата структура; Извор: МФ




Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи[2] во однос на номиналниот БДП, во К-2-2013 изнесуваше 24,9% и претставува намалување од 0,4 п.п. во однос на К-2-2013. Вкупните буџетски расходи претставуваа 31,1% од кварталниот БДП, што е за 8,1 п.п. понизок остварен износ во однос на К-1-2013, односно на годишна основа намалување од 2,7п.п..

Вкупниот **долг на централната влада** на крајот на К-2-2013 изнесуваше 34,2% од БДП, што претставува зголемување од 0,2 п.п. во однос на К-1-2013 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата

2 Вклучува даночни приходи, социјални придонеси и административни такси и давачки.

беше намалено за 0,7 п.п. во однос на К-1-2013, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на истата беше зголемено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше зголемено на 38,8% од вкупниот долг на истата. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Основната каматна стапка на благајничките записи, по намалувањето во првиот квартал од 2013 година, во вториот квартал остана непроменета на нивото од 3,5%, со оглед дека централната банка ги оцени тековните и очекуваните економски и финансиски услови соодветни на поставеноста на монетарната политика.

**Примарните пари**[3] во К-2-2013 година го интензивираа кварталниот пад на 3,4% (пад од 1,2% во К-1-2013) во услови на намалена вкупна ликвидност на банките од 4,9% и на готовите пари во оптек од 1,5%.




Во текот на вториот квартал на 2013 година најтесната парична маса **М1** забележа квартален пад од 1,4% во однос на К-1-2013 година. **Монетарниот агрегат М2**, во К-2-2013 забележа пад од 3,5%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се намали за 1,5%. Намалувањето на паричната маса произлегува од падот на најликвидната компонента и на краткорочните заштеди, наспроти долгорочното штедење кое забележа раст.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Вкупниот депозитен потенцијал[4] на банките во К-2-2013 година се намали за 0,8% на квартална основа, што од аспект на секторската структура се должи на засилениот пад на депозитите на приватните претпријатија од 7,4% (пад од 2% во претходниот квартал). Истовремено, депозитите на домаќинствата забележаа забавен квартален раст од 0,9%.




Од аспект на валутата, растот на вкупните депозити целосно се должеше на денарските депозити кои се зголемија за 1,9% на квартална основа, додека девизните депозити се намалија за 4,1%, што резултираше во понатамошно намалување на степенот на евроизација, за 1,5 п.п., односно на 43,9%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-2-2013 достигна 23,5%. Овие движења се во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 5,7% (8,3% во К-1-2013), при истовремен пад на краткорочните депозити од 4,3%.

Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор во К-2-2013 година бележи засилена стапка на раст од 1,9% на квартално ниво, во услови на засилен раст на кредитите кон секторот за домаќинства од 3,4% и на корпоративниот сектор од 0,9%. Доминантен придонес во растот оствариja кредитите кон домаќинствата, со што продолжи трендот на намалување на учеството на кредитите кон приватните претпријатија (58,9%) кој започна во вториот квартал од 2012 година.

Од валутен аспект, денарските кредити кои го водеа растот на вкупните кредити се зголемија за 2,1% на квартално ниво, додека кредитите во странска валута во К-2-2013 година регистрираа квартален раст од 1,4%.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-2-2013 година бележат квартален раст од 1,2% (наспроти падот од 0,9 во К-1-2013 година), додека краткорочните кредити се зголемија за 2,5% (наспроти падот од 0,5% во К-1-2013 година).

---

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Во вториот квартал на 2013 година, НБРМ ја задржа **каматната стапка на благајничките записи** на 3,5%. Каматните стапки на депозитните банки во К-2-2013 година забележаа надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 8,1%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот на 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,7% на 6,6%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,1 п.п. на квартална основа и изнесува 4,6%, а исто така и каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. односно на ниво од 1,9%.

График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза




Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2013 повторно се намали на квартално ниво и изнесува 6,9% (7,3% во првиот квартал), додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити го задржа нивото од 6,5%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити е намалена за 0,2 п.п. во однос на К-1-2013 година и изнесува 2,5%, додека каматната стапка на новопримените девизни депозити изнесува 0,5%, односно е за 0,1 п.п. пониска од претходниот квартал.

На **пазарот на капитал,** во вториот квартал од годината се забележа раст на вкупниот промет на берзата од 34,3% во однос на претходниот квартал, што се должи на порастот регистриран и кај класичното тргување и кај блок трансакциите, од 50% и 25,6%, соодветно.

Во однос на истиот квартал од претходната година, вкупниот промет забележа пад од 26,5% во услови на намалено класично тргување за 11,5%. Прометот остварен преку блок трансакциите во однос на К-2-2012 забележа раст од 46,4%.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења на крајот на вториот квартал изнесуваше 1.745,48 индексни поени, што претставува пад од 2,6% во однос на март 2013 година, додека во однос на јуни 2012 година индексот е понизок за 6,1%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно - трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика во К-2-2013 година вкупната надворешно - трговска размена со странство изнесува 2.095,2 милиони евра и бележи контракција од 0,4% во однос на истиот квартал од 2012 година.

Во К-2-2013 година **извозот** на стоки изнесува 804,6 милиони евра при што во однос на истиот квартал од претходната година е забележан раст од 1,0%, а во однос на претходниот квартал е забележан раст од 11,7%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-2-2013 година во однос на истиот квартал од 2012 година се забележуваат кај:

- хемиски производи за 22,2% (хемиски материи и производи се зголеми за 28,8% или 26,5 милиони евра);
- пијалаци и тутун за 42,0% (тутун за 55,8% или 14,4 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 24,9% (во рамки на кои категоријата индустриски машини и делови порасна за 37,0% или 13,4 милиони евра);
- производи за храна за 4,5% (жита и преработки од жита порасна за 8,8% или 1,0 милиони евра; и овошје и зеленчук за 14,0% или 5,2 милиони евра); и
- суровини освен гориво за 3,7% (метална руда и отпадоци од метал забележа раст од 1,1% или 0,4 милиони евра).




Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани според материјалот за 12,5% (железо и челик за 15,9% или 29,7 милиони евра); и
- минерални горива и мазива за 60,3% (во рамки на кои категоријата нафта и производи од нафта се намали за 59,3% или 25,8 милиони евра).

Во К-2-2013 година, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоките за индустриски набавки (54,5%), потоа следуваат стоките за широка потрошувачка (20,2%), храна и пијалаци (11,3%), производите за инвестиции без транспортна опрема (9,9%), горива и мазива (2,2%) и транспортна опрема (1,9%).

**Увозот на стоки** во К-2-2013 година изнесува 1.290,6 милиони евра и претставува пад од 1,2% во однос на К-2-2012 година, додека во однос на претходниот квартал, забележан е раст од 13,5%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-2-2013 во однос на К-2-2012 година се забележува кај:

- машини и транспортни уреди за 24,2% (погонски машини и уреди за повеќе од 3 пати или 13,2 милиони евра; индустриски машини и делови за 27,4% или 9,8 милиони евра; и електрични машини, апарати и делови за 23,9% или 9,3 милиони евра);
- хемиски производи за 22,0% (производи за боење и штавење за 86,8% или 12,3 милиони евра; неоргански хемиски производи за 29,5% или 3,6 милиони евра);
- производи за храна за 0,9% (овошје и зеленчук за 24,1% или 3,1 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 3,8% (пијалаци за 12,2% или 1,0 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- суровини освен гориво за 51,2% (метална руда и метални отпадоци се намали за 65,0% или 44,6 милиони евра);
- производи класирани според материјалот за 6,3% (обоени метали за 21,5% или 28,1 милиони евра; и железо и челик за 13,3% или 11,3 милиони евра); и
- минерални горива и мазива за 13,3% (електрична енергија за 36,8% или 14,5 милиони евра; и нафта и производи од нафта за 5,3% или 7,9 милиони евра);

Гледано по **економска намена,** во К-2-2013 година најголемо учество во увозот имаат: стоките за индустриски набавки (45,1%), потоа следуваат производите за инвестиции без транспортна опрема (14,4%), горива и мазива (14,3%), храна и пијалаци (11,2%), стоките за широка потрошувачка (10,3%) и транспортна опрема (4,6%).

Во К-2-2013, надворешно - трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) се зголеми за 7,7% во однос на К-2-2012, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се зголемило за 4,2 п.п. во однос на првиот квартал од 2012 година и изнесува 64,5%, при што извозот на стоки учествува со 69,3%, а увозот на стоки со 61,4%.

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2013
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Како резултат на структурните промени во размената со странство, во првиот квартал од 2013 година 73,6% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со: Велика Британија, Грција, Кина, Италија и Турција, а остатокот од дефицитот е последица на размената со: Србија, Полска, Франција, Словенија, САД и други. Суфицит во размената е остварен со: Германија, Косово и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците на Народна банка, во вториот квартал од 2013 година, на салдото на тековната сметка на билансот на плаќања беше регистриран дефицит од 111 милиони евра, кој е проширен на годишно ниво за 44,7 милиони евра (во К2-2012 дефицитот на тековната сметка изнесувал 66,3 милиони евра).

График 5.3. Анализа на тековната сметка;
Извор: НБРМ и пресметки на МФ




Проширувањето на дефицитот на тековната сметка во однос на претходниот квартал, во најголема мера се должи на продлабочениот трговски дефицит и на зголемениот увоз на нето услуги. Во спротивна насока делуваат зголемените приливи по основ на нето-тековни трансфери и намалениот одлив на нето доходи.

При нагорно приспособување на извозот од 11,6% и при пораст на увозот од 13,3% на квартално ниво, трговската сметка забележа продлабочување во однос на претходниот квартал за 16,4%.

На сметката на услугите во К-2-2013 беше регистриран дефицит од 2,2 милиони евра, што претставува влошување во однос на претходниот квартал кога беше забележан суфицит од 7,4 милиони евра. Негативното салдо на сметката на услугите (односно зголемениот увоз на услуги) влијаеше на продлабочувањето на дефицитот на тековната сметка.

Дефицитот на сметката на нето-доходи во К-2-2013 забележа стеснување од 18,2% во однос на претходниот квартал, на што влијаеше растот од 2,7% на приливите на доход и падот од 8,9% на одливите на доход.

Тековните трансфери во К-2-2013 регистрираа суфицит од 368,5 милиони евра, што во однос на К-1-2013 претставува раст од 21,1%.

Во вакви услови, салдото на тековната сметка оствари стеснување од 1,9% во однос на претходниот квартал.

### 5.2.1. Тековна сметка

Во вториот квартал од 2013 година салдото на тековната сметка беше негативно и изнесуваше 5,5% од БДП и истото е продлабочено за 44,7 милиони евра споредено со К-2-2012 година.

Проширувањето на дефицитот на тековната сметка во К-2-2013 во најголема мера се должи на намалените приливи по основ на нето-тековни трансфери и зголемениот увоз на нето услуги.




При нагорно приспособување на извозот од 1,0% и надолно приспособување на увозот од 0,7% на годишно ниво, трговската сметка забележа стеснување за 3,8% во однос на К-2-2012 .

На сметката на услугите во К-2-2013 беше регистриран дефицит од 2,2 милиони евра, што претставува влошување во однос на К-2-2012 кога беше забележан суфицит од 18,6 милиони евра.

Дефицитот на сметката на нето-доходи во К-2-2013 забележа продлабочување за 2,2 милиони евра во однос на К-2-2012.

Трговската отвореност на Република Македонија во К-2-2013 изнесува 101,4% и е помала за 8,4 п.п. во однос на истиот квартал од 2012 година, кога истата била 109,8%.

Нето - тековните трансфери во К-2-2013 изнесуваат 368,5 милиони евра и истите се пониски за 39,2 милиони евра или за 9,6% во однос на К-2-2012. Падот се должи на приватните трансфери кои се намалиле за 10,0%, и учествуваат со 97,6% во вкупните нето-трансфери. Приватните трансфери во К-2-2013 изнесуваат 359,4 милиони евра. Подетално анализирано, во приватните трансфери доминантно учество имаат другите трансфери (87,1% од приватните транфери) кои се намалиле за 10,2% на годишно ниво и изнесуваат 313,2 милиони евра, додека дознаките од вработените се намалиле за 8,9% споредено со К-2-2012 и изнесуваат 46,2 милиони евра.

Споредено со претходниот квартал, нето - тековните трансфери се зголемиле за 21,1% или за 64,2 милиони евра, во најголем дел поради растот на приватните трансфери од 20,9% или за 62,0 милиони евра.

Покриеноста на трговскиот дефицит со приватните трансфери во К-2-2013 година изнесува 82,3% и истата е намалена за 5,7 п.п. на годишно ниво.

### 5.2.2. Капитална и финансиска сметка

Капиталната и финансиската сметка во К-2-2013 бележи суфицит и салдото изнесува 106,1 милиони евра, што е проширување за 45,4 милиони евра во однос на К-2-2012. Според финансиската сметка, во К-2-2013 регистриран е прилив од 31,9 милиони евра нето-директни инвестиции, што е зголемување од 31,7 милиони евра во однос на К-2-2012 кога бил остварен суфицит од 0,3 милиони евра.

График 5.5. Официјални девизни резерви; Извор: НБРМ




На крајот на К-2-2013, официјалните девизни резерви изнесуваат 2.039,2 милиони евра и истите се повисоки за 1,0% во однос на К-2-2012. Доминантно учество во официјалните резерви имаат девизните резервни средства, односно хартиите од вредност со

учество од 83,7% или 1.707,8 милиони евра, потоа монетарното злато со учество од 9,8% или 200,9 милиони евра, додека валутите и депозитите учествуваат со 6,3% или 128,2 милиони евра.

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

**Извештајот го подготвија:**

Ангела Васовска
Анета Дудеска
Ана Николова
Копринка Сапунова
Нецати Куртиши

Контролирал:

**Д-р Сања Киковска - Георгиевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, ноември 2013 година